**КОДЕКС ЗА УЧЕНИЦИТЕ**
**ПРИ ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ„ООМУ СТЕФАН ГАЈДОВ“-ВЕЛЕС**

1. Ученикот е должен навреме и редовно да доаѓа на настава
2. Ученикот е должен да се грижи за училишниот простор и имот
3. Ученикот едолжен да се грижи за хигиената во училиштето и блиската околина
4. Во училиштето ученикот треба да биде совесен,одговорен,со должно почитување кон сите
5. Во училиштето ученикот треба да доаѓаат уредни
6. На часовите ученикот треба внимателно да слуша и навреме и целосно да ги извршува училишните обврски
7. Да се труди да ги извршува училишните обврски
8. Да придонесе за одржување на работната атмосфера
9. Ученикот е должен редовно да носи училишен прибор,учебници и тетратки
10. Да соработува со наставниците,стручната служба и другите субјекти во училиштето
11. Да покаже почитување и толеранција кон другарите и наставниците
12. Да помага на помалку успешните ученици
13. Ученикот не смее самоволно и без вистинска причина да го напушти часот
14. Ученици,избегнувајте недолично однесување
15. Учениците не смеат да користат мобилни телефони за време на часовите
16. Учениците не треба да носат вредни предмети и повеќе пари во училиште,а доколку им се загубат одговорноста е нивна
17. На часовите не е дозволено да се џвакаат мастики,како и истите да се лепат на клупите и столчињата
18. Отпоздрави го наставникот кога ќе влезе во училница или училиште
19. Престојувај во училишниот двор за време на големиот одмор
20. Не викај по ходниците,не трчај,придржувај се кон правилата на однесување
21. Не приговарај на опомените на дежурните наставници и ученици
22. Ако во дворот видиш отпад фрли го во корпа за отпадоци
23. Штом го слушнеш ѕвончето веднаш влези во училницата
24. Не ги навредувај и не се однесувај насилно кон помалите и послабите ученици
25. Пристојно и трпеливо чекај пред училница,пред започнување на часот
26. Ученикот не смее да врши психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето
27. Доколку насети опасност или поголемо нарушување на дисциплината во ходниците,ученикот мора веднаш да го информира било кој вработен во училиштето што му е најблиски или обезбедувањето
28. Кога наставникот зборува не го прекинувај
29. Обраќај им се со ВИЕ на возрасните

30. Користи молам,благодарам,повели,извини во секојдневната комуникација
31. Поздравувај со добро утро,добар ден и довидување
32. Не користи вулгарни зборови кога комуницираш
33. Почитувај ги правилата кои сте ги договориле со наставникот
34. Не носи предмети со кои би можеле да повредите други ученици
35. Покажи толеранција кон соучениците во комуникацијата
36. Искажи го секое незадоволство со одбрани и пристојни зборови
37. Биди самокритичен па потоа критикувај
38. Чувај ги своите предмети,не поосегнувај по туѓите
39. Не ги потценувај способностите на своите  соученици
40. Повозрасните ученици да се однесуваат коректно кон помалите
41. Сослушај го внимателно и почитувај го мислењето на другиот
42. Почитувај ги различните од тебе
43. Истакниги позитивните особини кај себе со постапки,а не со зборови
44. Ако не се однесуваат добро со тебе,БИДИ ПРВ кој тоа ќе го промениш и однесувај се ти на вистински начин-ПРИСТОЈНО
45. Учтивоста е особина која ја краси твојата личност,затоа однесувај се учтиво во секоја прилика
46. Со своето примерно однесување ќе покажеш почит и кон своите родители
47. Биди искрен со своите родители,дури и да згрешиш,тие ќе имаат развирање за твоите постапки
48. Редовно информирај ги родителите за случувањата во училиштето
49. Ученикот задолжително треба на родителот да му ги пренесува информациите по барање на наставникот

ОМУ СТЕФАН ГАЈДОВ “-ВЕЛЕС